**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,38 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по 16-та седница на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 3. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот на комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предлогот на законот вкупно гласаа 95 пратеници, од нив за гласаа сите 95 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој пратеник.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

На седницата присуствуваа 26 пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за предлогот на законот гласаа сите 26 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот заз изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 16-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши со работа во 13,40)